# Извадок на дел од дневни настани 31.05.2020

На 30.05.2020 во 13.30 часот во Градски парк во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода С.У.(20) од Р.Турција, со престојувалиште во Скопје, затоа што при преглед кај него била пронајдена марихуана. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 30.05.2020 во периодот од 15.00 до 16.20 часот, по претходно добиена судска наредба, полициски службеници извршиле од СВР Тетово претрес во домот на Џ.Џ.(58) во с.Форино. При претресот биле пронајдени и одземени пет куршуми за пушка непознат калибар, еден нож за пушка и еден нож кој потекнува од кривично дело. Џ.Џ. бил приведен поради ова дело и поради тоа што претходно физички ја нападнал неговата сопруга. По целосно документирање на случаите, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 31.05.2020 околу 01.15 часот на автопатот Гевгелија – Демир Капија, кај клучка Миравци, полициски службеници го лишиле од слобода И.П.(30) од Косово поради тоа што при преглед во товарното возило „сканија" и ладилник со скопски регистарски ознаки, кое го управувал, биле пронајдени 113 лица мигранти (110 од Бангладеш, 1 од Индија и 2 од Мјанмар). Лицето било приведено и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 30.05.2020 околу 21.30 часот на автопатот Демир Капија – Неготино, кај с.Тремник, се случила сообраќајна незгода во која патничко возило „ауди" со скопски регистарски ознаки и патничко возило „мерцедес" со струшки регистарски ознаки, управувани од непознати возачи (кои возеле во спротивен правец), удриле во патничко возило „опел корса" со неготински регистарски ознаки, управуван од С.Ѓ.(1962) од Неготино. Притоа, со тешки телесни повреди се здобила В.Н.(53) од Неготино, сопатничка во возилото „корса", која била пренесена во болницата во Неготино за укажување на лекарска помош. Возачите на возилата побегнале од местото, а во непосредна близина на местото биле пронајдени 19 мигранти кои потврдиле дека се возеле со двете возила. Додека бил вршен увид на местото, на 31.05.2020 околу 01.15 часот, патничко возило „мерцедес" со скопски регистарски ознаки, управувано од непознато лице, не застанало на две патроли, удрило во возилото „опел корса" и продолжило со движење, а по еден километар возачот застанал и го оставил возилото и со патниците побегнале. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.05.2020 во 19.30 часот на бул.„Туристичка" во Охрид, патничко возило „фолксваген голф" со струшки регистарски ознаки, управувано од П.М.(21) од с.Радолишта, струшко, удрило во пешакот В.П.(70) од Охрид. Во незгодата, В.П. се здобила со тешки телесни повреди и била пренесена во болницата во Охрид за укажување на лекарска помош. Увид на местото извршила екипа од СВР Охрид.

На 30.05.2020 во 12.50 часот на магистралниот пат Градско-Прилеп, пред крстосницата за Кавадарци кај с. Росоман, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „форд фокус" со велешки регистарски ознаки, управувано од Р.У.(58) од Велес и патничко возило „опел корса" со кавадаречки регистарски ознаки, управувано од Д.Ѓ.(45) од с.Сирково-Росоман. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил возачот на возилото „опел корса" и 13-годишен малолетник, сопатник во истото возило. Тие биле пренесени во Општата болница Кавадарци каде им била укажана лекарска помош. Увид на местото извршила екипа од СВР Велес.

На 29.05.2020 во 23.05 часот во с.Инџиково, скопско, полициски службеници од СВР Скопје лишиле од слобода 17-годишен малолетник од с.Сарај, скопско, затоа што при преглед кај него бил пронајден нож. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него била поднесена пријава по член 80 од Законот за оружје.

На 30.05.2020 во 16.30 часот, врз основа на судска наредба, полициски службеници од СВР Битола го привеле С.Ш.(42) од с.Ивањевци за издржување казна затвор во Казнено-поправната установа Идризово-Скопје.

На 30.05.2020 околу 20.30 часот во Полициската станица Прилеп било пријавено дека од патничко возило „фолксваген пасат" со прилепски регистарски ознаки, кое го управувал Ф.Ј.(33), а сопатник бил Д.П.(31), двајцата од Прилеп, било пукано кон стражарницата која се наоѓа во кругот на касарната „Мирче Ацев". Полициски службеници презеле мерки и возилото и лицата биле пронајдени и лишени од слобода. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 30.05.2020 во 18.40 часот на две локации на ул.„Малешевска" во Скопје пронашле букови огревни дрва без жиг и боја. Претставници на шумската полицијата излегле на местото, а од Јавното претпријатие „Караџица" дрвата биле подигнати за понатамошна постапка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.05.2020 во 23.30 часот во Полициската станица Аеродром, Д.К.(30) од Скопје пријавил дека околу 23.00 часот на бул.„Јане Сандански" во Скопје бил физички нападнат од едно лице и му била нанесена повреда на глават. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.05.2020 во 15,20 часот во СВР Скопје било пријавено дека во влез од зграда на бул. „Кочо Рацин" едно лице со употреба на сила од Р.М.(86) од Скопје одзело пари и лични документи. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.05.2020 околу 12.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во аптека на бул. „Св.Климент Охридски" едно лице со закана одзело пари од дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.05.2020 во 08.30 часот во Полициската станица Карпош, вработена во Јавната установа за згрижување на деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение пријавила дека од установата се оддалечила нивната штитеничка М.С.(17) од Скопје. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 31.05.2020 во 09.30 часот СВР Куманово, В.А.(72) од Куманово пријавила дека од семејниот дом на ул.„Жикица Јовановиќ Шпанац" се оддалечил нејзиниот сопруг В.А.(76). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 30.05.2020 во 11.30 часот во СВР Велес, С.Ѓ.(59) од Велес пријавил дека на ул.„Димитар Влахов" во Велес бил каснат од куче скитник.

На 29.05.2020 околу 22.15 часот во СВР Велес, Б.П.(39) од Велес пријавил дека на ул.„Васил Ѓоргов" во Велес бил каснат од куче скитник.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет